**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**
**Бр. _________**
**05.03.2012 год, Прилеп**

Врз основа на член 27 од Статутот на Мермерен Комбинат АД Прилеп, Собранието на Акционери на Друштвото на седницата одржана на 05.03.2012 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г  О Д Л У К А**

За распределување на акумулирани добивки и резерви настанати во годините пред 01 јануари 2009 година

**Член 1**

Дел од акумулираните добивки и резерви настанати во годините пред 2009 година во износ од 245,005,502 Денари се распределуваат како бруто дивиденда за обични акции.

Износ на бруто дивиденда за 1 обична акција изнесува Евро 0.85 (1 Евро = 61.50 Денари).

**Член 2**

Средствата за дивиденда за обични акции  да се распределат во пари.

**Член 3**

Датумот на пресек на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 05 март 2012 година.

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 06 март 2012 година.

Исплатата на дивидендата ќе започне на 21 март 2012 година и ќе се изврши согласно законските прописи до 30 септември 2012 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето.

Претседавач со Собранието

______________________